Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
**од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 јануари 2022 година**

**Скопје, јануари 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 26 јануари 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:45 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата учествуваа и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Снежана Сарџовска, нотар.

На седницата не учествуваа д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од Вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 24 јануари 2022 година и Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 21 јануари 2022 година

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 24 јануари 2022 година со Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 21 јануари 2022 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 24 јануари 2022 година.

2. Се намалува периодот на изолација за лицата кои се лабораториски потврдени на КОВИД-19, како и на периодот на самоизолација/карантин на лицата кои биле во близок контакт со потврден случај на КОВИД-19, и тоа:

- Лицата кои се лабораториски потврдени на КОВИД-19 (со PCR тест или со брз антигенски тест), а кои не развиле симптоми на болест односно се асимптоматски случаи на КОВИД-19 им се одредува домашна изолација седум дена од денот на тестирањето. По завршување на периодот на изолацијата, потребни се дополнителни три дена строго да ги почитуваат мерките за лична заштита (носење на заштитна маска N95/FFP2 при престој во затворен простор со други лица или на отворено кога не може да се држи растојание од два метри, честа дезинфекција на раце, избегнување на групирање).

- Лицата кои се лабораториски потврдени на КОВИД-19 (со PCR тест или со брз антигенски тест), а кои развиле клиничка слика на КОВИД-19 односно се симптоматски случаи на КОВИД-19 им се одредува изолација седум дена од денот на тестирањето плус три последователни денови доколку лицето е без покачена телесна температура (афебрилен).

- Блиски контакти на потврдени случаи на КОВИД-19 се упатуваат во домашна самоизолација/карантин седум дена од денот на последниот контакт со потврдениот случај. По завршување на периодот на самоизоланијата/карантин за блиските контакти, потребно е дополнителни три дена строго да ги почитуваат мерките за лична заштита (носење на заштитна маска N95/FFP2 при престој во затворен простор со други лица или на отворено кога не може да се држи растојание од два метри, честа дезинфекција на раце, избегнување на групирање).

Исклучок од домашна самоизолација/карантин да има за оние лица кои исполнуваат еден од следните критериуми:

- Вакцинирани со КОВИД-19 вакцина со две или три дози, а од последната доза не поминале повеќе од шест месеци.

- Прележани со КОВИД-19, а позитивниот тест не е постар од шест месеци.

- Лицата кои се блиски контакти, а кои заради исполнување на горенаведените критериуми се исклучени од самоизолација/карантин, задолжително треба да ги почитуваат мерките за лична заштита (носење на заштитна маска N95/FFP2 при престој во затворен простор со други лица или на отворено кога не може да се држи растојание од два метри, честа дезинфекција на раце, избегнување на групирање) во период од 10 дена од последниот контакт со потврдениот случај.

Датумот на последниот контакт со потврдениот случај се смета за нулти ден.

## Точка 2

1. Владата го отповика Ејуп Аљими од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје.

1.1. Владата го избра Насер Демири за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје.

2. Владата за членови на Одборот на директори на Акционерското друштво ГА-МА АД Скопје, ги избра:

- Сашко Костов за неизвршен член
- Бетиане Китев за неизвршен независен член.

## Точка 3

**1.** По повод укажувањата на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, а во врска со времетраењето на процесот за издавање на потврди за пријави-одјави за вработување на странци, согласно Законот за вработување и работа на странци (СПО обрасци), Владата ја задолжи Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија по истите да постапува во најкус можен рок.

Истовремено, се задолжува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да подготви и во рок од една недела до Владата да достави информација со статистички податоци за цела 2021 година (по месеци) за тоа колку барања за издавање на потврди за пријави-одјави за вработување на странци во тој период се доставени до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, по колку од нив е постапено, во кој рок и слично.

**2.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски се заблагодари на министрите кои учествуваа на заедничката седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија во Софија.

Воедно, посочи дека е остварена успешна соработка, по што им посака на сите успех и посветеност во работењето во работните групи при реализација на проектите.

**3.** Министерот за образование и наука ги информираше членовите на Владата дека почетокот на наставата со физичко присуство во второто полугодие во учебната 2021/2022 година во сите основни и средни училишта во Република Северна Македонија ќе отпочне на 1 февруари 2022 година.

*

*　　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:25 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **д-р Димитар Ковачевски** |